Nikola Tupancheski

Digitally signed by Nikola Tupancheski
Date: 2022.07.27 14:21:42 +02'00'

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-535/1

Скопје 14.02.2022 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година, **министерот за правда д-р Никола Тупанчески** ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за јавна набавка на услуги – Поправка и сервисирање на систем за греење и ладење во просториите на Министерство за правда и замена на резервни делови**

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе поедноставена отворена постапка за јавна набавка на услуги и тоа: Поправка и сервисирање на систем за греење и ладење во просториите на Министерство за правда и замена на резервни делови.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Поправка и сервисирање на систем за греење и ладење во просториите на Министерство за правда и замена на резервни делови.

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 2.983.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 536.940,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 3.519.940,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 480.

3. Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 49**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **поедноставена отворена постапка** за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која нема да заврши со спроведување на електронска аукција како последна фаза во постапката.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул „Димитрие Чуповски" бр 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification 1828

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на фактурата во архивата на Министерството за правда.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на работи.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:

- Претседател на комисија: Петар Мирковиќ
- Членови: - Орхан Сулимани
  - Насер Ќамили

- Заменик претседател на комисија: Михајло Војтикив
- Членови: - Марија Бриндевска
  - Теута Бериша

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.

9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и измената на Годишен план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година на Министерството за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи. Предмет на набавка е: набавка на услуги – Поправка и сервисирање

на систем за греење и ладење во просториите на Министерство за правда и замена на резервни делови.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 2.983.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 536.940,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 3.519.940,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 480.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Никола Тупанчески

Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification